Врз основа на член 73 став (1) точка 2 потточка 2.3 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (“Службен весник на РСМ” бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 19 јуни 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Абдураман Идризи УП2 бр. 09-278/26 од 2 април 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1160800886 од 19.02.2026 за период 14.05.2022-13.02.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1160800886 од 19.02.2026 за период 14.05.2022-13.02.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Абдураман Идризи до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-278/26 од 2 април 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1160800886 од 19.02.2026 за период 14.05.2022-13.02.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според ЕВН ХОМЕ – врз основа на податоци од оптичко отчитување на броилото при редовна промена на броило на 26.01.2026 година сторнирани се фактурите од Мај 2022 година до Јануари 2026 година и издадена е коригирана фактура со број 1162587466 за периодот од 14.05.2022 год. до 26.01.2026 год. поради точна распределба на потрошената електрична енергија, по соодветните тарифни блокови. Во случај кога е извршена уплата по фактури кои се сторнирани за изготвување на корекциската фактура, уплатените средства се земени предвид и се евидентираат во новата, коригирана фактура.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 24 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-278/26 од 2 април 2026 година со прилог:

- Приговараната фактура
- Комуникација со ЕВН ХОМЕ

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 22 април 2026 година со прилог:

- Извештај за отчитани состојби на броилото од 17.04.2026

На седницата се заклучи ЕВН ХОМЕ да достави официјален технички извештај за замена на електричниот мерен уред, кој треба детално да ги содржи:

- идентификациските податоци на демонтираниот мерен уред и на новоинсталираниот мерен уред,
- Извештај за финално отчитување (Report Readout) на демонтираниот мерен уред, изготвен во моментот на неговото демонтирање.

За периодот на фактурирање од 14.05.2022 до 13.02.2026 година, да се достават детални и документарно поткрепени информации во врска со:
- точниот број на случаи во кои демонтираниот мерен уред бил отчитан,
- методологијата на отчитување, односно дали отчитувањето е извршено со физичко присуство на лице место (реално/мануелно отчитување), или врз основа на проценки, проекции или други алтернативни методи на пресметка.

На 3 јуни 2026 година беа доставени бараните податоци за броилата 82387905, 82970432, новите коригирани фактури и воедно беше одговорено дека:
- од страна на надлежна служба на КЕЦ (Кориснички Енерго Центар) Тетово, на ден 26.01.2026 година направена е замена на броилото со сериски број 82387905 со ново 82970432;
- броилото 82387905 е отчитано на денот на замената 26.01.2026 год со следниве состојби на висока тарифа 8635,9 и ниска тарифа 4615.1;
- броилото 82387905 не било достапно за отчитување поради затворен објект (локал на ул. И.Р.Лола бр. 375 на име на корисник Абдураман Идризи) а последно оптичко отчитување на старото броило 82387905 е на 13.05.2022 год;
- поради проценети машински состојби од новото броило 82970432 сторнирана е фактурата со број 1160800886 и изготвени се нови со број 1162587466 и 1162587689.

На 9 јуни 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, за подносителот на приговорот се подготвени две корекциски фактури како резултат на техничка и финансиска верификација на потрошувачката на електрична енергија, и тоа:

- Корекциска фактура бр. 1162587466, за период 14.05.2022–26.01.2026 во вредност од 178.737,00 денари и
- Корекциска фактура бр. 116258689 за период 27.01.2026–17.04.2026 во вредност од 20.674,00 денари.

Подносителот на приговорот е деловен субјект, при што потрошената електрична енергија е фактурирана согласно тарифите применливи за индустриските потрошувачи, во согласност со важечката регулатива.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–278/26**
**19 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**